Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-3133/1 од 12.12.2024 година, против против ------ --------, градоначалник на општина ------ и Државниот правобранител од ----- ----- ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-3133/1 од 12.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.12.2024 година, доставена е пријава против ------ --------, градоначалник на општина -------- и Државниот правобранител од ------ ------ ---------- во врска со спроведена постапка за легализација на диво изграден објект- викендица на парцела К.П 1102 ул. ------- -------- -- -- -------- ------, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба, по што ДКСК оформи предмет број 12-3133/1 од 12.12.2024 година.
Дополнително наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување и до Јавното обвинителство на РСМ.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање до Јавното обвинителство

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

на РСМ за прибирање на податоци и информации во врска со тоа дали до обвинителството е поднесена пријава со исти или слични наводи и доколку има, дали е оформен предмет и во која фаза се наоѓа постапувањето, со достава на прилог документација.
Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставено е известување РО бр. 2116/23 од 17.02.2025 година, во кое е наведено дека Основното јавно обвинителство Скопје по доставена пријава со наводи за истиот случај од познат подносител, има оформено предмет заведен под број РО бр. 2116/23 во која се изнесени наводи за сомневање на спроведена постапка за легализација на диво изграден објект на парцела К.П 1102 ул. ------- -------- -- -- -------- -------.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје кој постапува и се уште не е донесена јавно обвинителска одлука, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик Претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р., Ц.Р., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk